# ЃОРЃИ ГОГО ПОПОВ (1908 - 1979)



# ИЗЛОЖБА

## ПОМЕЃУ ОБЈЕКТИВОТ И СНЕЖНИТЕ ПАДИНИ

**КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА**
**15.05.2009 - 31.05.2009**
**20:00 часот**



## ПОМЕЃУ ОБЈЕКТИВОТ И СНЕЖНИТЕ ПАДИНИ



### ЃОРЃИ ГОГО ПОПОВ (1908 - 1979)

По повод 101-годишнината од раѓањето на Ѓорѓи Попов и на 30-годишнината од смртта, се навраќаме на неговиот лик и дело.
Гого, како што го викаа сите негови соработници и пријатели, е роден на 14 февруари, 1908 година во Скопје, истата година кога во Велес се раѓа најпознатиот македонски поет Кочо Рацин, а во Париз познатиот фотограф Анри Картие Бресон.

Родителите на Гого Попов, неговиот татко Ѓорѓи Попов и неговата мајка Ефтимија, биле учители кои учителствувале низ Македонија во втората половина на 19 век. Ѓорѓи Попов - таткото, не одолеал на предизвикот на новото време и во Цариград ја изучил новата уметност - фотографијата. Тој го отворил првото фотографско студио во Скопје. Бил политички активен, во раководството на ВМРО и патувал низ Европа по разни задачи. Откако стекнал доволно капитал, сакал во Скопје да отвори сопствено кино, но на враќање од Виена, во Софија е убиен од неговите политички противници. Целата кино опрема била со него, дел од неа бил украден, а остатокот од опремата, денес се наоѓа во архивата на Кинотеката на Македонија, како донација од неговиот син Гого Попов.

Гого Попов е роден по смртта на татко му Ѓорѓи, и затоа го носи неговото име.
Детството го поминува во Скопје со мајка му Ефтимија, браќата Стојан и Кирил и сестрата Надежда. Во 1919 година заминува во Америка кај својот брат Стојан, кој успеал да се збогати, па го повикал целото семејство кај него.
Во наредните години, од 1921 до 1924 година, Гого завршува гимназија во Чикаго. По враќањето од Америка во фотографскиот салон на семејството Попови, Гого навлегува во светот на фотографијата надгледуван од неговиот вујко. Првиот апарат на кој ги слика своите дела е од марката Ролефлекс. Во периодот до Втората светска војна, Ѓорѓи Попов се вработува како журналист и фотограф во весникот „Југ". Покрај љубовта кон фотографијата, негова голема страст било и скијањето како и воопшто планината. Со скијање почнал да се занимава од 1932 година, а 6 години подоцна почнал да води курсеви за скијање.

По ослободувањето работи како секретар на Скијачкиот сојуз на Македонија, се до 1965 година. Сепак, неговата вистинска професија е фотографијата.
Во 1945 година се вработува во Заводот за заштита на спомениците на културата како фотограф. Заедно со проф. Коста Балабанов ги документирал сите значајни објекти, манастири, споменици, икони и фрески, пред, но и по нивната реставрација. Неговите фотографии се сведоци за културното богатство на Македонија. Покрај тоа, за Гого може да се каже дека е меѓу првите луѓе во Македонија кои изработувале каталози за уметниците, како и во изработка на нешто што наликува на денешните рекламни паноа. Член е на Друштвото на ликовни уметници за применета уметност на Македонија (ДЛУПУМ) уште од 60-тите години. Со своите уметнички фотографии учествувал на самостојни и групни изложби во Скопје, Штудгарт и Нирнберг, Германија.
Во 1965 година, на 25 март Градското собрание на Скопје, го прогласува Ѓорѓи Попов за почесен граѓанин на град Скопје.

Гого Попов - Стари како што го викале, изложувал во Маврово фотографии кои ги фотографирал тој, вљубеникот во планините. Освен тоа, активно учествувал во градењето на ски-центарот Маврово, со своите нацрти за скијачките терени и лоцирање на лифтовите, со што Маврово го добива денешниот изглед на современ ски-центар во Македонија. Во спомен на неговото дело, во Маврово се одржува меморијална трка посветена на Гого Попов - Стари.

Искра Ефтимова,
внука и куратор на изложбата



портрет на ќерката Ефтимија - 1945 г.

1945



портрет на внуката Емилија, 1973 г.





портрет на
девојче, '60-ти

портрет на девојче, ’50-ти





Манастир Св. Јован Бигорски,
1955 г.



Охридска црква, '50-ти



ќерка Надежда,
с. Ростуше, 1959 г.



Пелистер, ’50-ти



рибари, ’50-ти

Струмички крај, '60-ти



# маврово

Мавровско езеро, ’50-ти





Мавровско езеро, '50-ти



Охрид, '50-ти



Попова Шапка, '40-ти

Маврово, '70-ти





Маврово, '70-ти



Маврово, '70-ти



Графика, Маврово '60-ти



Графика, Маврово '60-ти



ГОГО ПОПОВ

Необичен минувач на Планетата

Првото мое одење на Попова Шапка, таму некаде кон крајот на 50-тите години, и првата моја средба со него - Гого Попов - Стариот (така го нарекуваа зашто во скијачкиот свет имаше уште еден со исто име и презиме, но тој беше помлад и нормално беше - Младиот), беше токму таму на Шарпланинските белини. Беше функционер во Скијачкиот сојуз на Македонија, вљубеник во белиот спорт, човек кој импресионираше со својот дух и ведрина. Не знам зошто, но веднаш го почувствував некако близок. Оттогаш па до моите први новинарски денови постојано, секоја зима се среќававме на белите терени, а кога почнав да пишувам за скијањето - тој ми беше првиот извор, во него чувствував некаква сигурност.
А, тој - чичко Гого-Стариот, секогаш беше расположен и подготвен да ми помогне, не само мене туку на сите околу него. Се сеќавам, стоевме на платото пред тогашниот дом (потоа хотел) на Попова Шапка, а тој го мести фото-апартот и слика на спротивната страна, над еден поток, лево од таканаречената патека Јелак (на неа некогаш се одржуваа слаломските трки). Гледа низ објективот, се мести и ми дофрла: - Онаму Зоки на онаа страна, гледаш, некогаш се скокаше. Се замислив, се загледав во кулата созидана од камен и дрвениот мост што се протегаше како нејзино продолжение. Забележа дека нешто не ми е јасно, па ми дообјасни: тоа пред војната (мислеше на онаа Втората) беше скокалница. Тогаш, и јас од чичко Гого дознав нешто ново, нешто што вечно остана врежано кај мене, па и сега кога помислувам на минатото наоѓам начин да го пласирам она што го слушнав од него. Но, не беше само тоа. Ова е само една секвенца од богатството сознанија до кои дојдов преку Гого Попов, а особено преку неговиот фото-апарат, со кој беше овековечен еден значаен период од нашето македонско, не само спортско, туку севкупно живеење. Неговата слика беше исполнета со живот, таа сама по себе зборуваше, не требаше некој да го објаснува нејзиното значење. Што е многу битно, вака гледано од мој аспект, ми се чини дека ниту еден од плејадата фото-репортери во тие повоени години, немаше толку многу фотографии со зимски мотиви и тоа пред се спортски, скијачки. Сето тоа останува како еден доказ за времето минато, за нашата богата спортска историја, останува како аргумент за светот дека културното и спортско живеење, кај нас, на овие простори имало и има традиција.
Токму низ богатиот опус на Гого Попов се отсликува тоа време, кое благодарејќи на убавите фотографии живее и денеска, како нешто вредно и скапоцено, кое во никој случај не смееме да го заборавиме.
За мене Гого Попов-Стариот не беше обичен минувач на Планетата. Напротив, тој беше човек кој остави богато дело, по кое ќе биде запаметен и овековечен.

Зоран Михајлов, спортски новинар